РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09 - 1908/2

11-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 38-та седница, второ продолжение, одржана на ден 10.09.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1908/1 од 23.03.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Кривичниот Законик на Република Северна Македонија, член 107 став 1 точка 5, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за постапување по предметот број 09-1908/1 од 23.03.2019 година.

Предметот со број 09-1908/1 од 23.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Врз основа на анонимна пријава оформен е предмет број 09-1908/1 од 23.03.2019 година за постоење судир на интереси кај лицето --------------, пензионирана судијка и поранешен претседател на Апелационен суд - ---- за вработување на својот син --------- во АЕК, својата ќерка ------------ во Основен суд -------, внукот од девер -------------, избран за судија во Свети Николе и својата снаа за син Елисавета -------- како стручен соработник во Апелационен суд ---------.

Исто така во пријавата е наведена и Судијата -------, избрана во Основен суд --------во 2008 година, која е сопруга на адвокат -----------, а за која исто е наведено дека е партиски кадар на политичката партија -----------.

Поради фактот што во пријавата се наведуваат вработувања на блиски лица на лицето -------------, пензионирана судијка и поранешен претседател на Апелационен суд -------- кои се случиле во 2013 година, Државната Комисија за спречување на корупцијата нема можност за постапување согласно член

17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, бидејќи не може да се покрене Иницијатива за поведување постапката за утврдување на одговорност затоа што службеното лице не ја извршува повеќе функцијата судија. Исто така Државната комисија за спречување на корупцијата не може да покрене Иницијатива за кривично гонење согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а во врска со член 353 од Кривичниот Законик, бидејќи делото е застарено согласно член 107 став 1 точка 5 од Кривичниот Законик на РСМ.

За делот од пријавата кој се однесува за изборот на Судијата -------------, избрана во Основен суд ----------во 2008 година, Државната комисија за спречување на корупцијата не може да покрене Иницијатива за кривично гонење согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а во врска со член 353 од Кривичниот Законик, бидејќи и ова дело е застарено согласно член 107 став 1 точка 5 од Кривичниот Законик на РСМ.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК
Изработил: м-р Станка Милановска
Одобрил: Горан Трпеноски, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**